09 80/3

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАНА ТАРИФА ЗА 2024 ГОДИНА ОД РЕГУЛИРАНИОТ ПЕРИОД 2022-2026 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИКЛУЧЕНИ НА СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ (ДТИРЗ) СКОПЈЕ

1. На Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, за 2024 година од регулираниот период 2022-2026 година, се одобрува регулираната тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас да изнесува 0,2223 ден/kWh.

2. Релативните коефициенти со кои се пресметуваат тарифите на одделните категории на потрошувачи се утврдува да изнесуваат 1.

3. Оваа одлука е конечна во управна постапка.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", и се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 јануари 2024 година.

УП1 бр.11-842/23
28 декември 2023 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски**, с.р.

Në bazë të nenit 24 paragrafi (1) pika 1 nënparagrafi 17 të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19 dhe 236/22), nenit 20 paragrafi (4) të Rregullores së Përcaktimit të të Hyrave të Rregulluara Maksimale dhe të Tarifave të Rregulluara Mesatare të Transmetimit të Gazit Natyror, të Organizimit dhe të Menaxhimit me Tregun e Gazit Natyror dhe të Shpërndarjes së Gazit Natyror („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.234/23) dhe Sistemit Tarifor të Shpërndarjes së Gazit Natyror („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.245/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.270/23), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 28 dhjetor 2023, solli këtë

V E N D I M
PËR MIRATIMIN E TARIFËS SË RREGULLUAR PËR VITIN 2024 TË PERIUDHËS SË RREGULLUAR 2022-2026 PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË SË RREGULLUAR TË SHPËRNDARJES SË GAZIT NATYROR PËR KONSUMATORËT E LIDHUR NË SISTEMIN E SHPËRNDARJES SË GAZIT NATYROR PËR DREJTORINË E ZONAVE TEKNOLOGJIKE INDUSTRIALE ZHVILLIMORE (DZTIZH) SHKUP

1. Drejtorisë së Zonave Teknologjike, Industriale Zhvillimore (DZTIZH) Shkup, për vitin 2024 të periudhës së rregulluar 2022- 2026, i miratohet që tarifa e rregulluar për ushtrimin e veprimtarisë së rregulluar të shpërndarjes së gazit natyror për konsumatorët e lidhur në sistemin e shpërndarjes së gazit natyror të jetë 0,2223 den/kWh.

2. Koeficientët relativë, me të cilët përllogariten tarifat e kategorive të posaçme të konsumatorëve, është përcaktuar të jenë 1.

3. Ky vendim është përfundimtar në procedurë administrative.

4. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e botimit të tij në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", ndërkaq publikohet edhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe do të zbatohet nga data 1 janar 2024.

PA1 nr.11-842/23
28 dhjetor 2023
Shkup

Komisioni Rregullator i Energjetikës, Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetar,
**Марко Бислимоски**, d.v.

**5002.**

Врз основа на член 24, став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22 од Законот за енергетика*), член 18 став (1) од Правилникот за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.234/23) и Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар за природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.285/22 и 270/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ТАРИФИ ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС ЗА 2024 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС НОМАГАС СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

1. На Акционерското Друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, за 2024 година се одобрува регулиран максимален приход во износ од 418.812.111 денари и просечна тарифа во износ од 0,1321 ден/kWh, за пренесени 3.170.861.000 kWh природен гас.

2. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи производители на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во кои едновремено и во еден процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија изнесува 0,1289 ден/kWh природен гас.

3. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи производители на топлинска енергија и индустриски потрошувачи изнесува 0,1418 ден/kWh природен гас.

4. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи - останати потрошувачи, потрошувачи со потрошувачка на природен гас во претходната година помала од 150.000 nm3 изнесува 0,1482 ден/kWh природен гас.